ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/303838357

# Надарените ученици, наставата по македонски јазик и литература и моралот

**Conference Paper** · January 2012

CITATIONS
0

READS
29

**1 author:**

Violeta Janusheva
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**95** PUBLICATIONS **31** CITATIONS

SEE PROFILE

**Some of the authors of this publication are also working on these related projects:**

Project PROBLEMS ARISING FROM THE WIDESPREAD SIMPLIFIED VIEW OF THE TRANSLATION PROCESS View project

Project Culture Bound Concepts and Allusions in Translation View project

All content following this page was uploaded by Violeta Janusheva on 07 June 2016.

The user has requested enhancement of the downloaded file.

**Виолета Јанушева**[1]
Педагошки факултет
Битола
UDK: 371.95
ISBN 978-86-7372-148-4, 17 (2012), p.452-457
Стручни рад

# НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ, НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА И МОРАЛОТ

Во стручната литература постојат искажувања дека на надарените[2] ученици не им е потребен дополнителен поттик за развој на моралните вредности[3], затоа што тие како надарени во свои раце го имаат потенцијалот кој ќе им помогне во иднина. Сепак, деградацијата на моралните вредности, со која постојано и секојдневно се соочуваме, укажува на потребата од акцентирање на поучувањето за моралните вредности и кај надарените. Факт е дека надарениот заслужува образование кое излегува во пресрет на неговите потреби, на возраста, на интелектуалниот капацитет и сл. и дека општеството и образовниот систем треба тоа да го овозможат.

Нашата долгогодишна практика укажува на тоа дека во програмата за работа со надарените, која наставникот ја изработува на почетокот на учебната година, најчесто, се застапени дополнителни содржини од подрачјата јазик и литература, според сопствената проценка на наставникот и дека, барем досега, таа програма не вклучувала содржини од областа на моралното воспитание. Често, во наставната практика, оваа програма не се реализира, првенствено поради тоа што наставникот нема големи компетенции ниту за откривање на надарените[4], ниту за начините на кои ќе работи со надарените, ниту пак за тоа како да поучува за моралот.

---

[1] **vjanuseva@yahoo.com**

[2] За карактеристиките на надарениот ученик, в. Љ. Кевереcки. 2000. Како да ги препознаеме надарените и талентираните ученици, стр. 12. Скопје: НИРО Просветен работник

[3] Моралот се сфаќа како систем од норми и правила кои ја регулираат интеракцијата меѓу луѓето, в. Т. Атанасоска, Е П. Ѓорѓева. 2006. Општа педагогија, стр. 198. Битола: Педагошки факултет. Не се објаснуваат разликите меѓу моралот и општествените конвенции на кои се укажува во стручната литература

[4] Сознанијата за комплексната проблематика на надарените кај наставниците во сите степени на образованието, сè уште се многу скромни, а моралното воспитување одделно не се акцентира

Морални вредности се инкорпорирани во голем дел од наставните содржини од предметот, па како резултат на тоа, на поучувањето за моралните вредности не му се посветува доволно внимание.

Во трудот накратко се укажува на различни активности што наставникот може да ги преземе за да го поттикне и унапреди моралниот развој на надарените, а истовремено се разгледува активноста УПФТ како моќна алатка со која наставникот ги задоволува потребите на надарените ученици на часот по македонски јазик и литература, првенствено, во смисла на развој и унапредување на нивните морални вредности, со единствена цел тие да станат морално зрели личности и одговорни граѓани на општеството во кое живеат и работат.

Наставникот, покрај тоа што треба да ги реализира целите на наставата, може: Да изработи индивидуализирани програми кои ќе содржат податоци за силните и слабите страни на надарените; Да ја модификува наставната програма; Да подготви стратегии со кои ќе поучува; Да применува диференцирани пристапи / инструкции, односно да ги класифицира задачите и исходите на учење според нивоа, при што во сите активности акцентот ќе биде ставен на надарените и на развојот на моралните вредности. На пример, учениците со просечни[5] способности работат на зголемување на јазичната компетенција во однос на системот на заменските форми во македонскиот стандарден јазик, додека надарените добиваат инструкции да го испитуваат, анализираат и вреднуваат системот на личните заменки за 2 лице еднина и множина од гледна точка на општествениот статус на учесниците во говорната ситуација. На овој начин сите ученици се инволвирани во работа на иста содржина, но очекуваните исходи ќе бидат поинакви - надарените стекнуваат подлабоки знаења за употребата на заменските форми во однос на обраќањето и за нивната поврзаност со моралните вредности, во симетричните и несиметричните релации[6].

Надарените треба постојано да бидат вклучени во активности кои го стимулираат нивното размислување и кои им овозможуваат да истражуваат и да ги продлабочуваат

---

[5] Иако во стручната литература се истакнува дека не постои ученик кој не е надарен во одреден степен, овој поим се употребува за учениците за кои се претпоставува дека не се одликуваат со надареност

[6] в. M. Radovanović, 1979, Sociolingvistika, str. 33-41. Beograd: BIGZ

сознанијата во области и за концепти за кои тие покажуваат особен интерес.

УПФТ е техника[7] која го насочува вниманието кон четири главни димензии: У - улога, П - публика, Ф - форма и Т - тема. Со неа наставникот ги мобилизира и стимулира менталните капацитети на надарените ученици, без оглед дали станува збор за наставни содржини од областа на јазикот или од областа на литературата, особено за содржини од моралното воспитание. Таа ги унапредува вештините за пишување, помага да се култивира нивното писмено изразување, да се развива љубовта кон македонскиот стандарден јазик. Надарените можат да ѝ дадат полет на својата имагинација, креативност и оригиналност, зашто се пишува така што ученикот се става во одредена улога, се пишува за публика и во форма која се разликува од традиционалниот начин на пишување на писмените задачи. Учениците се насочуваат да преземат улога на различна морална вредност, на пример, улога на добрина, чесност и сл. така што концептот што веќе е познат се разгледува во една нова светлина. Публиката се однесува на оние на кои ученикот им се обраќа преку различните форми, на пример, детска сликовница, телевизиска или радиореклама, дневник, упатство, басна, интервју, писмо, текст за песна, статија во списание, драма, семинарска работа, постер, дипломска работа, есеј, презентација во powerpoint, критика, говор, приказна, заклучок итн. Различните форми придонесуваат за автентичност на задачата. Темата се однесува на темата што треба да се елаборира во писмената задача, односно на она што е предмет на пишувањето.

Со оваа техника наставникот применува диференциран пристап и предвидува различни исходи, на пример, учениците со просечни способности пишуваат писмена задача чија тема ќе биде моралните карактеристики на одреден лик/важноста од почитување на нормите на стандардот, додека надарените ги интерпретираат истите теми, но ја преземаат улогата на одредена морална карактеристика што ја поседува тој лик, на пример, У - добрина / правдина, П - омраза / одмазда, Ф - говор; или У - чесност, П - совест, Ф - драма; или У - живот, П - смрт, Ф - дневник; За содржини од

[7] УПФТ е презентирана во рамките на проектот SEA (Secondary Education Activity), како стратегија на активната методологија, првенствено со идеја да овозможи подобрување на ефективното учење и мислење на учениците, в. Модул 1: Учење во училница, стр. 22-31

јазикот: У - стандарден јазик, П - стандарден јазик, Ф - статија; У - ученик, П - новинари, Ф - писмо и сл., секако во корелација со наставните содржини за кои наставникот поучува. Бројот на варијанти е огромен и зависи од интересите на надарените.

За надарените, покрај горенаведеното, наставникот може да даде и дополнителни насоки кои тие треба да ги земат предвид пред да почнат да ја пишуваат задачата, од типот: Зошто ја одбрав оваа морална вредност? Кои информации ми се потребни за да можам најверодостојно и најкомплетно да ја претставам мојата улога? Кои емоции ги доживувам додека размислувам за оваа морална вредност? Кои се моите верувања, чувства и грижи за моралната вредност што ја одбрав? Што е она што го знам за да го презентирам во формата што ја одбрав? На кој начин можам да ѝ дадам сопствен призвук на улогата? Како мојата улога би гледала на избраната морална вредност? Кој сум јас и кои се аспектите од мојот карактер кои се поврзани со моралната вредност што ја одбрав?

## ЗАКЛУЧОК

Оваа техника ги поттикнува интелектуалните капацитети на надарените, ги унапредува вештините за пишување, ја промовира љубовта кон стандардниот јазик и помага да се продлабочат нивните сознанија за моралните вредности, како и сознанијата за сопствениот однос кон нив.

Наша грижа како наставници е да им дадеме поддршка на надарените ученици, да го насочиме нивниот развој и постојано да се залагаме во наставниот процес да ги унапредуваме моралните вредности.

Наставникот соочен со овие предизвици треба постојано да се грижи за своето професионално усовршување во однос на моралните концепти и во однос на надарените ученици, пред сѐ, да може да ги открие и да ги разбира карактеристиките на надарените и нивните слабости, како и да развива диференцирани пристапи за развој на нивните различни способности, особено пристапи кои ќе го промовираат моралното воспитание.

## Литература:


- Активности во средното образование. 2005. Компонента за стручно усовршување на наставници. Модул 1: Учење во училница. Прирачник. Скопје
- Атанасоска, Т., Ѓорѓева, П. Е. 2006. Општа педагогија. Битола: Педагошки факултет
- Кевcovерески Љ. 2000. Како да ги откриеме надарените и талентираните ученици. Скопје, НИРО Просветен работник
- Конески, Б. 1987. Граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје: Култура
- Radovanović, M. 1979. Sociolingvistika. Beograd: BIGZ
- Unlocking the World: Professional development for teachers, Retrieved 10.4.2011 from site http://www.unlockingtheworld.com/programs/gifted-education-and-higher-order-thinking
- Gifted and talented children in (and out) of the classroom. A report for the Council of Curriculum, Examinations ans Assessment (CCEA), feb. 28, 2006, Retrieved 10.4.2011 from site http://www.nicurriculum.org.uk/docs/inclusion_and_sen/gifted/gifted_children_060306


**Violeta Janusheva**
Faculty of Education - Bitola
**vjanuseva@yahoo.com**

## DEVELOPMENT OF MORAL VALUES AT GIFTED STUDENTS DURING THE TEACHING PROCESS OF MACEDONIAN LANGUAGE AND LITERATURE

The changes in every field of the social living, by all means, reflect the physiognomy of the traditional paradigms of moral values in the society, and in the same time enforce new approaches for teaching the gifted students, especially in relation to moral education. Teachers should take responsibility for teaching them, as they should constantly develop their moral values with a sole purpose – the school not to lose the role of an important factor for developing the moral education, as well as, forming morally strong people who will be responsible members of the society they live in.

The question about the moral qualities of the gifted is very complex, but it's a fact that the gifted students need additional boost to develop the moral values and that every student deserves a suitable education which will satisfy his needs and challenges.

Referring to the matter, this work contains certain activities which the teacher can undertake with the aim of satisfying the gifted students' needs, especially the development of the moral qualities. Furthermore, the strategy RAFT is considered, which really satisfies the intellectual capacities of the gifted ones, their

interests and needs, and in the same time contributes to the development of their moral values. RAFT is a powerful tool through which a multiple aim is achieved: the interests of the gifted are satisfied, their writing skills and the love for the Macedonian language are developed, as well as the moral values.

**Key words**: moral values, gifted students, teacher, activities





View publication stats